**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА И ГЕОГРАФИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-106/3 од 19.2.21018 год., донесена на 185. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 19.2.2018 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден *наставник* во сите звања за наставно-научната област *туристичка географија* и *географија* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Членови на Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Благоја Маркоски, редовен професор – претседател, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Природно-математички факултет, Институт за географија, Скопје;
– проф. д-р Никола Панов, редовен професор - член, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Природно-математички факултет, Институт за географија, Скопје;
– проф. д-р Науме Мариноски, редовен професор - член, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за туризам и угостителство, Охрид.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 8.2.2018 год. и во предвидениот рок се пријави само кандидатот д-р Никола Димитров, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **вон. проф. д-р Никола Димитров** е роден на 28 ноември 1958 година во Битола. Основно и средно образование (гимназиско) завршува во родното место.

На 15.2.1980 година завршува Педагошка академија во Битола, студии по географија и историја. Во 1981 година се запишува на Географски факултет при Природно-математичкиот факултет во Скопје, а дипломира во 1983 година.

Во 1985 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за географија – ПМФ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насока Географски основи на просторно планирање. Магистерскиот труд со наслов *„Урбано-географски развиток и промени во морфо-урбаната структура на град Битола»* го одбранува на 31.1.1992 година и се стекнува со научен академски степен магистер на географски науки.

Докторската дисертација со наслов „Демогеографска анализа на миграционите процеси во југозападниот дел на Република Македонија“ успешно ја одбранува на 18.12.2001 година на Институтот за географија, Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се здобива со научен академски степен доктор на географски науки.

***Работно искуство***

Од 1.4.1987 до 21.3.1994 година работи во ОУ „Трајан Белев“ – село Цапари, Битолско, како наставник по географија и историја.

Од 22.3.1994 до 7.11.2002 година работи во СУ Гимназија „Јосип Броз – Тито“ – Битола, како професор по географија.

Од 8.11.2002 до 31.10.2008 година д-р Никола В. Димитров работи во *Биро за развој на образованието, Подрачна единица – Битола (БРО-ПЕ),* орган на Министерство за образование и наука на Република Македонија – Скопје, на работно место државен

службеник - советник, самостоен стручен советник за образование, а подоцна е назначен за одговорен работник – раководител на БРО-ПЕ Битола, и за државен службеник – советник за предметот географија.

Врз основа на Конкурс (од 23.7.2008 година, објавен од страна на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип), на 6.8.2008 година на седницата на Матичната комисија за основање на Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (УГД), со Одлука бр. 0206-1200, д-р Никола Димитров е избран за *доцент по предметот Туристичка географија*. Договор за вработување на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, со ангажман на Факултет за туризам и бизнис логистика, Катедра за туризам е склучен на 1.11.2008 година.

Во текот на приближно десет години на ФТБЛ и УГД, работниот ангажман на д-р Никола Димитров вклучува *доцент* по повеќе наставни предмети, краток период бил *сенатор,* а потоа и *продекан*.

Од учебна 2010/2011 година работно е ангажиран и на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев", на студиска програма Географија. На студиската програма по географија како професор реализира настава по група предмети.

Од учебната 2012/2013 до 2015/2016 како професор работно е ангажиран по група наставни предмети на студиската програма Рурален туризам, заедничката студиска програма на ФТБЛ со Земјоделски факултет при УГД.

На седница одржана на 9.8.2013 на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика е избран во наставно-научно звање *вонреден професор* за наставно-научната област туристичка географија.

На функција *декан* на Факултет за туризам и бизнис логистика, д-р Никола В. Димитров стапува од 15.9.2015 година, а избран од страна на ректорот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, проф. д-р Блажо Боев.

Од изборот во звање вонреден професор до денес, кандидатот д-р Никола Димитров објавил повеќе научни и научно-стручни трудови, учебник, практикум, книги, монографии, раководи со научен проект, активно учествува на домашни и меѓународни научни собири симпозиуми, конференции, трибини и слично.

Вкупен работен стаж на кандидатот вон. проф. д-р Никола В. Димитров изнесува 31 година, сите поминати во образование. Имено, кандидатот своето работно искуство го поминал низ сите степени на образование во нашиот образовен систем и тоа како вработен наставник по географија и историја во основно, потоа бил професор по географија во средно образование, па советничко место - советник за географија, па сѐ до високо образование вонреден професор на факултет, ангажиран на група предмети.

Во сите степени на образование примарна цел во професионалниот ангажман му била географската настава и наука, а во последните десетина години особено туристичка географија, географија на население и други научни дисциплини.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

Кандидатот д-р Никола Димитров, вонреден професор од научната област туристика географија, е избран со Одлука бр. 2602-589/3 од 9.8.2013 година на 97. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика. Изборот е објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, број 105 од 1.7.2013 година, стр. 52-70, во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област туристичка географија и географија.

Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Nikola Dimitrov**, Cane Koteski, Zlatko Jakovlev | ANALIYSIS TOURUST TRENDS OF THE REPUBLIC OF BULGARIA IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA | SocioBrains ISSN 2367-5721, JOURNAL HOMEPAGE: WWW. SOCIOBRAINS.COM ISSUE 41, 130-137, JANUARY 2018 Impact Factor 2016 (SJIF) 4,922 Impact Factor 201 (SIS) 0.932 Impact Factor 2015 (ESJI) 0.741 | 5 |
| 2. | **Nikola Dimitrov**, Cane Koteski, Zlatko Jakovlev | SKI CENTERS (RESORTS) IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA | SocioBrains ISSN 2367-5721, JOURNAL HOMEPAGE: WWW. SOCIOBRAINS.COM ISSUE 41, 326-334, JANUARY 2018 Impact Factor 2016 (SJIF) 4,922 Impact Factor 2015 (SIS) 0.932 Impact Factor 2015 (ESJI) 0.741 | 5 |
| 3. | **Dimitrov, Nikola** and Metodijeski, Dejan | Historical review of travel guides in the Republic of Macedonia | Horisons, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, Vol. 20 Issue 10. 2017. pp. 305-316. ISSN 1857-9884 Indexed in EBSCO HOST | 14 |
| 4. | **Dimitrov, Nikola** and Metodijeski, Dejan | Importance of practical work for students in the field of tourism | International Journal Knowledge, Vol.16 Issue 1. 2017. pp. 277-282. ISSN 1857-923X | 5 |
| 5. | Jakovlev, Zlatko and **Dimitrov, Nikola** and Koteski, Cane and Serafimova, Mimoza | Sport tourisam as the most important alternative form of tourism - strategies and challenge | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. Year. 19, No. 3/2017, pp. 197-207 ISSN 1857-7741 | 19 |
| 6. | **Dimitrov, Nikola** and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Angelkova, Tanja and Metodijeski, Dejan and Josheski, Dushko | Valorization of the Pelister National Park (Macedonia) for hiking, sport, education and recreational tourism | International Scientific Journal Turizam (ISJT), 2016, Vol. 20 Issue 3. pp. 141-152. ISSN 1450-6661 / 1821-1127 (Online) Index Copernicus | 10 |
| 7. | **Dimitrov, Nikola** and Koteski, Cane and Angelkova, Tanja and Metodijeski, Dejan and Josheski, Dushko | Historical–Geographic Overview Life Cycle of Tourism and Hospitality in Dojran and Dojran Lake in Republic of Macedonia | International Journal of Humanities and Social Science Invention, Vol.5 Issue 12. 2016, pp. 24-31. ISSN 2319 – 7722 / (Print): 2319–7714 Index EBSCO HOST Impact Factor (SJIF) for 2016, 5.35 | 7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | **Dimitrov, Nikola** and Magdinceva Sopova, Marija and Josheski, Dushko | Role of the modern entrepreneurship in the development of the health tourism in Republic of Macedonia | International Journal of Business and Management Invention (IJBMI), Vol.5 Issue 10. 2016. pp. 102-106. ISSN 2319-8028, (Print): 2319-801X Index EBSCO HOST Impact Factor (SJIF) for 2016, 4.72 | 7 |
| 9. | Jakovlev, Zlatko and Arnaudov, Blagica and Koteski, Cane and **Dimitrov, Nikola** | Conditions and perspectives for development of the tourism in Dojran as well as Dojran Lake | Journal of Process Management – New Technologies, International, (JPMNT) Vol. 4, Issue 2, 2016 pp. 12-16. ISSN 2334-7449 Index Copernicus Impact factor 3,6 ICDS | 6 |
| 10. | **Dimitrov, Nikola** | Bitola Destination for Cultural Tourism – 7000 Years of History – (From Gurgur through to Heraclea Bitola) | Journal of Process Management – New Technologies, International, (JPMNT) Vol.3 Issue 1. 2015, pp. 45-50. ISSN 2334-735X Index Copernicus Impact factor 3,6 ICDS | 7 |
| 11. | Angelkova, Tanja and **Dimitrov, Nikola** and Josheski, Dushko | City of Bitola – destination for cultural tourism | Researches review of the Department of Geography, Tourism and Hotel Management, Vol. 43. Issue 1. 2014 pp. 53-59. ISSN 1452-0133 (print) 2334-7074 (online) Index Copernicus | 17 |
| 12. | Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Jakovlev, Zlatko and **Dimitrov, Nikola** and Bardarova, Snezana | Macedonia is demographic aging | Journal of Earth Science and Engineering, Vol. 4 Issue 7. 2014 pp. 445-454. ISSN 2159-581X Index EBSCO Global Impact factor 0.765 | 8 |

или четири научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Boskov, Tatjana and Kovacevski, Dimitar and Klicek, Tamara and **Dimitrov, Nikola** | The Impact of Culture and Urban Life-Cycle on The Economic Development of City | International Journal of Information, Business and Management, IJIBM, Vol. 10 Issue 1. 2018 pp. 284-295.2018 ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) | Indexed in EBSCO Index Copernicus Impact Factor (SJIF) 3,91 Impact Factor (UIF) 4,8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Boskov, Tatjana and Kovacevski, Dimitar and Josheski, Dushko and **Dimitrov**, **Nikola** | Estimating the Causality Between REER and Tourism-Led Growth | International Journal of Information, Business and Management, IJIBM, Vol. 10 Issue 2.2018. pp. 50-62. 2018 ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) | Indexed in EBSCO Index Copernicus Impact Factor (SJIF) 3,91 Impact Factor (UIF) 4,8 |
| 3. | **Dimitrov, Nikola** | Life Cycle-Stages in History of Tourism in the Republic of Macedonia | Journal of Tourism and Hospitality Management, 2017, 5 (5). pp. 173-188. ISSN 2328-2169 | Index EBSCO Impact Factor (SJR) for 2016 0.180 |
| 4. | **Dimitrov, Nikola** | Analysis of Tourism in the Republic of Macedonia 1945-2015. | Journal of Tourism and Hospitality Managenent, 2017, 5 (2). pp. 1-14. ISSN 2372-5125 | Index EBSCO Impact Factor (SJR) for 2016 0.180 |
| 5. | Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Dimitrov, Nikola** and Josheski, Dushko and Serafimova, Mimoza and Zezova, Aleksandra | Basic socioeconomic parameters for promoting tourism in the municipality of Dojran in the Republic of Macedonia. | Wulfenia Journal, 2016, 23 (2). pp. 523-535. ISSN 1561-882X | Impact Factor 2016 2.000 Five-Year-IF 1.262 RG Journal impact 1.019 Index SCOPUS Impact Factor 0.188 (SJR) 0.495 (SNIP) |
| 6. | Mitreva, Elizabeta and Nikolov, Elenior and Nikolova, Biljana and Taskov, Nako and **Dimitrov, Nikola** | Methodology for Optimizations of Business Processes in Macedonian Railways - Transport in the Republic of Macedonia | Mediterranean Journal of Social Sciences, Vol.7 No 3. 2016, pp. 394-402. ISSN 2039-2117(Online) | Index SCOPUS SJR 2016 0.132 SNIP 2016 0.929 |
| 7. | Koteski, Cane and Josheski, Dushko and **Dimitrov, Nikola** and Jakovlev, Zlatko and Bardarova, Snezana and Serafimova, Mimoza | Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three | Wulfenia Journal, 2014, 21 (4). pp. 247-257. ISSN 1561-882X | Impact Factor 2016 2.000 Five-Year-IF 1.262 RG Journal impact 1.019 Index SCOPUS Impact Factor 0.188 (SJR) 0.495 (SNIP) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Koteski, Cane and Josheski, Dushko and **Dimitrov, Nikola** and Jakovlev, Zlatko and Bardarova, Snezana and Koteski, Goranco and Zezova, Aleksandra | Multimedia performances for pragmatic tourism. | Journal of Tourism and Hospitality Management, 2014, 2 (2). pp. 60-66. ISSN 2328-2169 | Index EBSCO Impact Factor (SJR) for 2016 0.180 |

Трудовите што се претставени подолу во двете табели се уредно прикачаени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Dimitrov=3ANikola=3A=3A.html

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Врз основа на Конкурс (23.7.2008 година, објавен од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип), на седницата на Матичната комисија за основање на Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) при Универзитетот „Гоце Делчев“ одржана на 6.8.2008 година, со Одлука бр. 0206-1200, д-р Никола Димитров е избран за *доцент по предметот Туристичка географија*. Договор за вработување на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип со ангажман на Факултет за туризам и бизнис логистика, Катедра за туризам е склучен на 1.11.2008 година.

Во текот на изминатиот период од десет години на ФТБЛ и УГД, д-р Никола Димитров првите пет години (*од 1.11.2008 – до 1.7.2013 г.)*, вклучува ангажман како *доцент* по повеќе наставни предмети, краток период од три месеци бил *сенатор (*со Одлука бр. 0210-1589/2-3, од 20.11.2008 г.), а потоа и *продекан* на Факултетот *(со Одлука бр.2602-32/3, 9.2.2009 г. повторен избор Одлука бр. 2602-186/12 од 7.9.2011 до 15.1.2015 г.)*. Како продекан на Факултетот, согласно со работните обврски изработил елаборати за прв, втор и трет циклус студии, планирал реализација на настава, бил претседател и член во повеќе комисии, а реализирал и многу други задолженија поврзани со наставата и науката.

Со Одлука број 2602-589/3 од 9.8.2013 година на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика е избран во наставно-научно звање *вонреден професор* за наставно-научната област туристичка географија.

Во Универзитетски билтен бр.105 од 1 јули 2013 година, стр. 52-70 при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е објавен реферат за избор во вонреден професор за наставно-научната област туристичка географија и географија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

За *декан* на Факултет за туризам и бизнис логистика е избран со Одлука број 0204-968/7 од 15.9.2015 година, од страна на ректорот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, проф. д-р Блажо Боев.

Во текот на својата работа на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, со одлуки за ангажман, како доцент, во периодот од 2008/2009 до 2012/2013 и вонреден професор, во периодот од 2013/2014 до 2017/2018 година реализирал настава на повеќе наставни предмети на прв, втор (тековно од 2010/2011 година) и трет циклус студии (тековно од 2015/2016 година).

Како вонреден професор со одлуки за ангажман на наставници на **Факултет за туризам и бизнис логистика при УГД за период од учебна 2013/2014 до 2017/2018 година за зимски и летен семестар, за прв циклус студии на студиската програма Туризам и студиската програма Гастрономија, исхрана и диететика, реализирал настава по следните наставни предмети: Туристичка географија, Просторно планирање во туризмот, Културно наследство, Туристички дестинации, Рурален туризам, Религиозен туризам и Ресторански менаџмент, а на студиската програма Бизнис логистика по наставниот предмет Просторно планирање.**

Согласно со одлуки за ментор на дипломски работи за прв циклус студии, за периодот од 2013до 2018 година реализирал менторство на 18 студенти, на 38 бил претседател, а на 67 студенти бил член на комисија за одбрана.

На втор циклус студии, со одлуки за ангажман за зимски и летен семестар на студиската програма Меѓународен туризам реализирал настава по следните наставни предмети: Методологија на научноистражувачка работа и Туристички вредност и одржлив развој, а на студиската програма Бизнис логистика по наставните предмети: Методологија на научноистражувачка работа и Регионално планирање и одржлив развој.

Согласно со одлуки за ментор на магистерски трудови, на два студенти од втор циклус студии бил ментор (од кој еден го одбранил магистерскиот труд, а вториот е во процедура на одбрана), на 8 студенти бил претседател, а на 3 бил член на комисија за одбрана на магистерски труд.

На трет циклус студии, со одлуки за ангажман за зимски и летен семестар на студиска програма Туризам и угостителство реализирал настава по следните наставни предмети: Методологија на туристичко истражување и Туристичка валоризација.

Согласно со одлука, двајца студенти го имаат избрано за ментор на докторска дисертација. Додека, согласно со Одлука (бр. 02-630/3-2, 15.11.2016 г.) издадена од Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, бил член на комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација.

Од учебната 2010/2011 година со одлуки за ангажман за зимски и летен семестар, на прв циклус студии напоредно со ФТБЛ, работно е ангажиран и на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ на студиска програма Географија. Реализирал настава по следните наставни предмети: Географски основи на просторно планирање, Географија на население, Демографија, Методика на наставата по географија I и Методика на настава по географија II.

Од учебната 2012/2013 до 2015/2016 г. како професор работно е ангажиран по група наставни предмети на студиската програма Рурален туризам, заедничката студиска програма на ФТБЛ со Земјоделски факултет при УГД. Реализирал настава по следните наставни предмети: Туристичка географија, Туристички дестинации, Религиозен туризам, Културно наследство и Планински туризам.

За потребите на наставата на Факултет за туризам и бизнис логистика и на Факултет за природни и технички науки, кандидатот д-р Никола Димитров ги има издадено следните учебници, скрипти и практикуми:

**DIMITROV, NIKOLA** and Koteski, Cane (2015) *Туристичка географија - учебник*. ISBN 978-608-244-216-7; http://eprints.ugd.edu.mk/14353/

**DIMITROV, NIKOLA** and Koteski, Cane (2015) *Практикум по Туристичка географија*. ISBN 978-608-224-217-4; http://eprints.ugd.edu.mk/14352/

**DIMITROV, NIKOLA** and Angelkova, Tanja (2015) *Практикум по туристички дестинации*. ISBN 978-608-244-258-7; http://eprints.ugd.edu.mk/14371/

**DIMITROV, NIKOLA** (2015) *Планински туризам*. (Unpublished); http://eprints.ugd.edu.mk/15510/

**DIMITROV, NIKOLA** and Angelkova, Tanja (2014) *Туристички дестинации - скрипта*. ISBN 978-608-244-035-4; http://eprints.ugd.edu.mk/10966/

**DIMITROV, NIKOLA** and Miteva, Natasa (2014) *Практикум по просторно планирање*. ISBN 978-608-244-128-3; http://eprints.ugd.edu.mk/14375/

**2013** *(издадени по изборот за вонреден професор од 9.8.2013 г.)*

ТАШКОВ Н., **ДИМИТРОВ В. Н.**, МЕТОДИЈЕСКИ Д., (2013) Пракса во хотелско-угостителски објекти – скрипта, УГД Штип, стр. 54 (ISBN 978-608-4708-73-5); http://eprints.ugd.edu.mk/8641/

METODIJESKI, DEJAN, **DIMITROV, NIKOLA** (2013) Рурален туризам –скрипта, (Unpublished) http://eprints.ugd.edu.mk/9736/

Пред непосредно објавување во е-библиотека се учебниците:

1. **Dimitrov, Nikola** and Metodijeski, Dejan and Koteski, Cane and Angelkova – Petkova, Tanja (2017) *Религиозен туризам*, FTBL, University Goce Delcev, Stip, ISBN 978-608-224-463-5.
2. **Dimitrov, Nikola** (2018) *Географија на население (демогеографија) со демографија*, FTBL, University Goce Delcev, Stip, ISBN 978-608-224-485-7.

Учебниците со почетни страници и по две теми се поставени на е-репозиториум.

Во меѓуизборниот период кандидатот д-р Никола В. Димитров, напоредно со наставата и раководење со Факултетот за туризам и бизнис логистика, реализира плодна научноистражувачка дејност.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во периодот од 1986 до 2007 година, пред доаѓање на УГД, објавил 44 наслови.

Во периодот од 2008 до 2013 година - од изборот од Матична комисија за основање на ФТБЛ при УГД, објавил 51 наслов, од кои рецензирани 25 труда, реферат за избор на вонреден професор објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, бр.105, од 1 јули 2013 година.

Во периодот од 2013 до 2018 година, односно во меѓуизборниот период кандидатот д-р Никола Димитров има објавено вкупно 89 наслови.

Во текот на целокупниот академски развој вон. проф. д-р Никола В. Димитров во е-репозиториум при УГД има вкупно 192 наслови од кои 8 проекти.

Од репозиториумот може да се согледа дека кандидатот д-р Никола Димитров за својата целокупна научна дејност од 1987 година до денес има вкупно 192 наслови, од кои како самостоен автор се јавува во 74 наслови или 38,5%. Од неговите референси се потврдува академска зрелост и самостојност во научноистражувачката и наставната дејност.

Трудовите, книгите и другите наслови за кое е направена евалуација се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и може да се пронајде на следниот линк: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Dimitrov=3ANikola=3A=3A.html

***Објавени научни и стручни трудови во последните пет години***
***Трудови објавени во научно списание со импакт фактор (8):***
**2018**

Boskov, Tatjana and Kovacevski, Dimitar and Klicek, Tamara and **DIMITROV, NIKOLA** (2018) *The Impact of Culture and Urban Life-Cycle on The Economic Development of City.* IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (1). pp. 284-295. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online), Indexed in EBSCO, Index Copernicus, Impact Factor (SJIF) 3,91, Impact Factor (UIF) 4,8; http://eprints.ugd.edu.mk/18456/

Во трудот се фокусира на концентрација и анализа на ефектите од културата врз економскиот развој на Град Скопје. Одржливиот урбана развој прави неопходно да се постигне рамнотежа на општествениот развој со економскиот раст. Урбаната политика треба да биде внимателна при формите на физичкото и културното планирање, социјалните и образовните политики, инфраструктурните проекти и нивната имплементација на иновативни форми на владеење и вмрежување на урбаниот простор.

Boskov, Tatjana and Kovacevski, Dimitar and Josheski, Dushko and **DIMITROV, NIKOLA** (2018) *Estimating the Causality Between REER and Tourism-Led Growth*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (2). pp. 50-62. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online), Impact Factor (SJIF) 3,91 Indexed in EBSCO, Index Copernicus ; Impact Factor (UIF) 4,8 ; http://eprints.ugd.edu.mk/19256/

Во трудот се анализира растот на туризмот и постепената туристичка еволуција што е важен фактор за продуктивноста на економијата на една земја. Треба да се разбере суштинското значење на меѓународниот туризам и трговијата кои се сосема зависни од режимот на девизниот курс. Кога се мери економското влијание на туризмот треба да се нагласи суштинската каузалност помеѓу реалниот бруто-домашен производ, реалниот ефективен девизен курс и меѓународниот туризам. Туризмот треба да се смета како движечки фактор со важен придонес за економиите.

**2017 година**

**DIMITROV, NIKOLA** (2017) *Life Cycle-Stages in History of Tourism in the Republic of Macedonia*. Journal of Tourism and Hospitality Management, 5 (5). pp. 173-188. ISSN 2328-

2169, Index EBSCO, Impact Factor (SJR) for 2016 0.180 ; http://eprints.ugd.edu.mk/18965/

Во овој труд се истражува историскиот развој на туризмот преку идентификувани фази од животниот циклус на ТАЛК модел. Многу од главните дестинации во светот имаат далеку подолга историја и одат низ различни последователни циклуси со различни фази. Во овој напис е презентиран случајот со Македонија, како туристичка дестинација на Балканскиот Полуостров. Анализата се базира на примарните и секундарните извори на податоци за подолг временски период. Статијата го прикажува животниот циклус на туристичката дестинација во комбинација и адаптација на новиот TALC модел кој одговара на регулаторните теории и парадигмата на Форд на глобален модел за развој на туризмот за масовно производство и потрошувачка. Конечно, документот сугерира и препорачува практични совети насочени кон мотивирање на клучните играчи во формирањето на економската политика за развој на туризмот.

**DIMITROV, NIKOLA** (2017) *Analysis of Tourism in the Republic of Macedonia 1945-2015*. Journal of Tourism and Hospitality Managenent, 5 (2). pp. 1-14. ISSN 2372-5125; Index EBSCO, Impact Factor (SJR) for 2016 0.180 ;
http://eprints.ugd.edu.mk/19167/

Трудот го анализира туризмот во Република Македонија за периодот 1945-2015. Туризмот се изучува преку студија на случај од моделот Талк на Батлер за животниот циклус на туризмот. Анализата се базира на примарните и секундарните извори на податоци за период од 70 години. Во трудот се посочуваат и препорачуваат практични совети за мотивирање на клучните играчи во формирањето на економската политика за развој на туризмот во Македонија.

**2016 година**

Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **DIMITROV, NIKOLA** and Josheski, Dushko and Serafimova, Mimoza and Zezova, Aleksandra (2016) *Basic socioeconomic parameters for promoting tourism in the municipality of Dojran in the Republic of Macedonia*. Wulfenia Journal, 23 (2). pp. 523-535. ISSN 1561-882X ; Index SCOPUS, Impact Factor 2016 2.000, Five-Year-IF 1.262, RG Journal impact 1.019, Impact Factor 0.188 (SJR) 0.495 (SNIP) ; http://eprints.ugd.edu.mk/15578/

Во трудот се анализира Општина Дојран како туристичка дестинација. Доминира обработка на социоекономските параметри со суштински предуслови за промовирање на туризмот. Сепак, во последните години некои од овие параметри континуирано се придружени од негативни процеси кои негативно влијаат на промоцијата и развојот на туризмот во Општина Дојран.

Mitreva, Elizabeta and Nikolov, Elenior and Nikolova, Biljana and Taskov, Nako and **DIMITROV, NIKOLA** (2016) *Methodology for Optimizations of Business Processes in Macedonian Railways - Transport in the Republic of Macedonia*. Mediterranean Journal of Social Sciences, 7 (3). pp. 394-402. ISSN 2039-2117(Online); Index SCOPUS SJR 2016 0.132, SNIP 2016 0.929; http://eprints.ugd.edu.mk/15804/

Во трудот се анализира примената на филозофијата на TQM (менаџирање со висок квалитет) на менаџерите на Македонски железници – Транспорт. Трудот ја анализира компанијата Македонски железници-транспорт со цел да утврди дали има ефикасен систем на квалитет преку следење на начинот на управување со деловните процеси (идентификација, документација и контрола) и дали е изградена документација за ефикасност на системот. Добиените резултати покажуваат дека имплементацијата на TQM во деловните процеси води кон подобрен квалитет и подобра продуктивност при најниски трошоци за работа.

**2014 година**

Koteski, Cane and Josheski, Dushko and **DIMITROV, NIKOLA** and Jakovlev, Zlatko and Bardarova, Snezana and Serafimova, Mimoza (2014) *Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three*. Wulfenia Journal, 21 (4). pp. 247-257. ISSN 1561-882X ; Ihdex SCOPUS, Impact Factor 2016 2.000, Five-Year-IF 1.262, RG Journal impact 1.019, Impact Factor 0.188 (SJR) 0.495 (SNIP) http://eprints.ugd.edu.mk/9757/

Во овој труд се испитува прашањето на демократијата, демографијата и економскиот раст. Резултатите покажуваат дека ефектот на демократијата врз економскиот раст е позитивен и статистички значаен кај сите модели претставени во трудот. Додека коефициентот на логаритам на населението е двосмислено, без разлика дали се проверува знакот за таа променлива или нејзината статистичка состојба.

Koteski, Cane and Josheski, Dushko and **DIMITROV, NIKOLA** and Jakovlev, Zlatko and Bardarova, Snezana and Koteski, Goranco and Zezova, Aleksandra (2014) *Медијални настапи и прагматичен туризам*. Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (2). pp. 60-66. ISSN 2328-2169 ; Index EBSCO ; Impact Factor (SJR) for 2016, 0.180; http://eprints.ugd.edu.mk/10823/

Во трудот се анализира примената на аудиовизуелните дигитални техники во туристичка промоција и анимација на модерниот туризам. Современата туристичка понуда на услуги го вклучува производството на мултивалоризација на природни, антропогени, комуникативни и други вредности на одреден објект или географска област како туристичка дестинација. Примената на современата мултимедија на дигитализација влијае туризмот да биде профитабилен, квалитативен и прагматичен.

Од вкупно осум труда со импакт фактор, кандидатот д-р Никола Димитров како сам автор се јавува во 2 труда, а како коавтор во 6 труда.

***Објавени трудови во меѓународни списанија (14):***

2018 **година**

**DIMITROV, NIKOLA** and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko (2018) *Analysis tourist trends of the Republic of Bulgaria in the Republic of Macedonia*. In: Conference with International Participation "Geography, Regional Development and Education", 3-4 Nov 2017, Shumen, Bulgaria. SocialBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, Issue 41, January, 2018, pp. 130-137, ISSN 2367-5721, Impact Factor 2016 (SJIF) 4,922, Impact Factor 2015, (SIS) 0.932, Impact Factor 2015 (ESJI) 0.741 ; http://eprints.ugd.edu.mk/19165/

Трудот опфаќа децениска анализа на туристичките движења од Бугарија во Македонија. Целта е преку статистички податоци да се утврди динамиката и причината за осцилациите на туристичката посета и ноќевањата реализирани од страна на бугарските туристи. Идентификувани се две фази на животен циклус на туристичката посета на туристите од Бугарија во Македонија, и тоа фаза на прото-туризам и фаза на туризам. Во трудот доминира анализата на туристичката посета 1961-2015, притоа се поместени табели и графикони. На крајот се дадени препораки за надминување на проблемите со кои се соочува сегашната туристичка посета од Р. Бугарија во Р. Македонија.

**DIMITROV, NIKOLA** and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko (2018) *Ski centers (resorts) in the Republic of Macedonia*. In: Conference with International Participation "Geography, Regional Development and Education", 3-4 Nov 2017, Shumen, Bulgaria., SocialBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, Issue 41, January, 2018, pp. 326-334, ISSN 2367-5721, Impact Factor 2016 (SJIF) 4,922, Impact Factor 2015, (SIS) 0.932, Impact Factor 2015 (ESJI) 0.741 ; http://eprints.ugd.edu.mk/19166/

Трудот опфаќа анализа на постојните седум ски центри во Македонија и можностите за подобар развој на планинскиот туризам. Анализата се заснова на квалитативен метод на истражување, главно преку истражување на секундарни извори на информации и лични разговори со официјални лица и професионалци. Наодите укажуваат на проблемите со кои се соочува сегашната мрежа на ски центри.

**2017 година**

**DIMITROV, NIKOLA** and Metodijeski, Dejan (2017) *Historical review of travel guides in the Republic of Macedonia*. Horisons, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, 20 (10). pp. 305-316. ISSN 1857-9884; http://eprints.ugd.edu.mk/17983/

Во овој труд е претставена историјата на специјализирана туристичка литература - туристички водичи во кои се презентира Македонија. Даден е опис на првиот туристички водич од 1854 година, како и водичи кои се објавени подоцна. Во трудот појавата на водичите е поделена во три фази, од 1854 до 1944 година, од 1945 до 1990 и трета фаза од 1991 година наваму. Овој труд дава опис на патување низ Македонија и податоци за поголемите градови и места каде патниците можат да престојуваат.

**DIMITROV, NIKOLA** and Metodijeski, Dejan (2017) *Importance of practical work for students in the field of tourism.* International Journal Knowledge, 16 (1). pp. 277-282. ISSN 1857-923X; http://eprints.ugd.edu.mk/17982/

Во трудот се обработува потребата од стручен кадар во туризмот. Посебно внимание се посветува на практичната работа на студените во одредена област. Во трудот се спроведува компаративна анализа на практичната работа и неговото место во курикулумот на одбрани факултети за туризам во Република Македонија.

Jakovlev, Zlatko and **DIMITROV, NIKOLA** and Koteski, Cane and Serafimova, Mimoza (2017) *Sport tourisam as the most important alternative form of tourism - strategies and challenge.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. ISSN 1857-7741 http://eprints.ugd.edu.mk/18799/

Во трудот се анализира спортот кој опфаќа активности кои можат да бидат дел од туризмот (спортска рекреација, спортски настани итн.). Туризмот и спортот се меѓусебно поврзани феномени. Денес, како резултат на глобализацијата доаѓа до нивно поврзување и развој на спортски туризам како алтернативна форма на туризам. Туристите сѐ повеќе патуваат со цел да погледнат разни спортски игри и настани кои ги релаксира и анимира. Оваа форма на туризам е врската за започнување на развојот на една сосема нова индустрија која зафаќа глобални економски размери во модерниот свет.

2016 **година**

**DIMITROV, NIKOLA** and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Angelkova, Tanja and Metodijeski, Dejan and Josheski, Dushko (2016) *Valorization of the Pelister National Park (Macedonia) for hiking, sport, education and recreational tourism.* International Scientific Journal Turizam (ISJT), 20 (3). pp. 141-152. ISSN 1450-6661 / 1821-1127 (Online); Index Copernicus

http://eprints.ugd.edu.mk/16968/

Во трудот се истражува важноста на националниот парк Пелистер за спорт, образование и рекреативен туризам. Даден е опис на природните и антропогените мотиви и големиот потенцијал за различни корисници. Написот е базиран на емпириско истражување и преглед на релевантна литература. Емпириското истражување е спроведен на примерок од 124 испитаници, со цел да се покаже потенцијалот за развој на планински, спортски, образовен и рекреативен туризам. Резултатите покажаа дека во националниот парк најчесто се практикува планинарење и качување. Од спортски активности доминираат скијање, нордиско трчање и возење велосипед. Паркот е место за образование и место со потенцијал за развој на здравствен туризам.

**DIMITROV, NIKOLA** and Koteski, Cane and Angelkova, Tanja and Metodijeski, Dejan and Josheski, Dushko (2016) *Historical–Geographic Overview Life Cycle of Tourism and Hospitality in Dojran and Dojran Lake in Republic of Macedonia.* International Journal of Humanities and Social Science Invention, 5 (12). pp. 24-31. ISSN 2319 – 7722 / (Print): 2319–7714; Index EBSCO HOST, Impact Factor (SJIF) for 2016, 5.35; http://eprints.ugd.edu.mk/16832/

Во трудот се зборува за историско-географски развој на туризмот во Дојран и Дојранското Езеро. Целта е да се идентификува почетокот и да се објасни историскиот и географскиот процес на изгледот и промените во туризмот и угостителството. Паралелно се објаснува и животниот циклус на туризмот во Дојранскиот регион. Истражувањето започнува со описен метод, продолжува со еволутивен и завршува со емпириски метод.

**DIMITROV, NIKOLA** and Magdinceva Sopova, Marija and Josheski, Dushko (2016) *Role of the modern entrepreneurship in the development of the health tourism in Republic of Macedonia.* International Journal of Business and Management Invention (IJBMI), 5 (10). pp. 102-106. ISSN 2319-8028, (Print): 2319-801X ; Index EBSCO HOST, Impact Factor (SJIF) for 2016, 4.72;

http://eprints.ugd.edu.mk/16628/

Во трудот се зборува за здравствениот туризам, најкарактеристичен глобален феномен во 21 век. Денес во време на големи промени неопходна е примена на иновативен концепт за водење бизнис. Современото претприемништво е таков иновативен процес кој по правило подразбира пронаоѓање и примена на нови методи за водење бизнис и

однесување кон вработените. Затоа, на туристичкиот пазар, препознатливите можности и иновативноста на претприемачот се многу важни. Овој труд покрај теоретски дел се состои и од емпириски дел. Преку трудот се потенцира важноста на концептот на претприемништво во претпријатијата од областа на здравствен туризам и придонесот кон развојот на овој вид туризам.

Jakovlev, Zlatko and Arnaudova, Blagica and Koteski, Cane and **DIMITROV, NIKOLA** (2016) *Conditions and perspectives for development of the tourism in Dojran as well as Dojran Lake*. (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International, 4 (2). pp. 12-16. ISSN 2334-7449 ; Index Copernicus, Impact factor 3,6 ICDS ; http://eprints.ugd.edu.mk/15869/

Во трудот е апсолвирана поволната локација, климата, како и природните ресурси погодни за развој на туризмот во дојранската област. Богатството од историското минато со видливи обележја во сегашноста, негувањето на традицијата и културата, се императив за модернизација и огромен потенцијал за развој на туризмот. Дадени се перспективи за зголемување на атрактивноста на оваа важна туристичка дестинација во Република Македонија.

**2015 година**

**DIMITROV, NIKOLA** (2015) *Bitola Destination for Cultural Tourism – 7000 Years of History – (From Gurgur through to Heraclea Bitola)*.(JPMNT) Journal of Process Management– New Technologies, International, 3(1). pp. 45-50. ISSN 2334-735X; Index Copernicus, Impact factor 3.6 ICDS; http://eprints.ugd.edu.mk/12808/

Во трудот се потенцира важноста на археолошки откритија во локалитет Гургур Тумба кои датираат од пред 7000 години и се наоѓа во атарот на Битола. Се потенцира и на важноста на античкиот град Хераклеја Линкестис за туризмот. Изнесени се податоци за средновековна Битола и така по редослед до современо време. Се потенцира дека на атарот на Битола има докази за човеково живеење во континуитет од околу седум илјади години. Изнесени се статистички податоци за туристичката посета и престојот на туристите во град Битола.

**2014 година**

Angelkova, Tanja and **DIMITROV, NIKOLA** and Josheski, Dushko (2014) *City of Bitola – destination for cultural tourism*. Researches review of the Department of Geography, Tourism and Hotel Management, 43 (1). pp. 53-59. ISSN 1452-0133 (print) 2334-7074 (online); Index Copernicus; http://eprints.ugd.edu.mk/10935/
